10

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 29 -06- 2020
Орг.Един. / Njësia Org.: 25 | Број / Numër: 9/2 | Прилог / Shtojcë: — | Вредност / Vlerë: —

Здружение за дислексија АЈНШТАЈН Скопје
(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

E-learning за дислексија
(Име на проектот)

Скопје, 29. 06. 2020 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | 29-139/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за дислексија АЈНШТАЈН |
| Наслов на проектот | "E-learning за дислексија" |
| Период на спроведување на проектот | од 18.10.2019 година до 30.06.2020година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Дамјан Николовски |
| Проектен менаџер | Дамјан Николовски |
| Телефон и е-пошта за контакт | 07829685 d.nikolovski@disleksija.org.mk |
| Цел на проектот | Овозможени инклузивни образовни услови за учениците со дислексија преку примена на иновативни информатички технологии за едукација |
| Целна група | • Предметни и одделенски наставнци од основните училишта во општините Карпош. Кисела вода и Аеродром<br>• Учениците со дислексија и нивните родители |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Општина Карпош, Аеродром и Кисела вода |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 600.000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 589.806 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Дислексијата претставува потешкотија при читањето и учењето и се појавува во повеќе форми. Токму целта на проектот беше да се овозможат инклузивни образовни услови за учениците со дислексија преку примена на иноватини информатички технологии за едукација.

Преку овој проект тимот на здружението заедно со помош на стручно лице за дислексија како со лице кое што е стручно во областа на информатичката технологија креираше веб платформа за онлајн обука каде што сите предметни и одделенски наставници од

ситеосновните училишта на територија на Општина Кисела вода, Аеродром и Карпош имаа можност да се едуцираат на тема дислексија и детектирање на нејзините симптоми преку 4 модули. Истата онлајн обука беше презентирана низ 26 основни училишта на територија на Општина Карпош, Кисела вода и Аеродром. Онлајн обуката "E-learning" за дислексија беше презентирана преку состаноци со градоначалниците на општините како и на наставниот кадар каде што им беше објаснет начинот на кој ќе може да учествуваат во истата обука. Сите овие институции преку директен начин беа запознаени со состојбата дислексија како и потешкотиите во учењето. Наставниот кадар кој имаше можност да го изучи овој онлајн курс се стекна со сертификат за успешно завршена обука.

## 3. Спроведени активности и резултати од проектот

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Креирање на 4 модуларна онлајн обука за дислексија | За реализација на примарната цел на проектот се изготви 4 модуларна онлајн обука за дислексија. Проектниот тим склучи договори со експерти за потешкотиите во учењето кои беа задолжени за креирање на онлајн обука за дислексија. Ангажираните експерти изготвија обука поделена во 4 модули и тоа :<br>Модул 1 Основни на дислексијата<br>Модул 2 Детекција на состојбата<br>Модул 3 Психолошката слика на учениците со дислексија<br>Модул 4 Техники и алатка за работа со учесниците со дислексија<br>По креирањето на модулите експертите во соработка со проектниот тим креираа и четири тестови за проценка на знаењата врз основ на подготвените модули. | Ноември 2019 – јануари 2020 | • Креирана обука за дислексија во 4 модули |
| Креирање на онлајн платформа | По изработката на 4 модуларната обука се пристапи кон изработка на техничка спецификација за креирање на едукативна веб платформа на | Номеври 2019 – декември 2020 | • Спроведена постапка за избор на најповолен понудувач |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | која што ќе биде поставен курсот. По објавувањето на техничката спецификација се пристапи кон прибирање на понуди за изработка на веб платформата.<br>По добивањето на понудите беше свикана финансиската комисија на организацијата по што беше избран и најповолниот понудувач. Кон крајот на месец декември избраниот понудувач ја достави комплетно креираната платформа www.disleksija.mk | | • Креирана едукативна веб платформа за онлајн курсеви |
| Презентација на онлајн курс во општините и училиштата | На самиот почеток на проектот беа одржани средби со раководствата на општините Карпош, Кисела вода и Аеродром. На средбите детално беше презентиран проектот, важноста од тоа наставниците да се едуцираат за дислексија како и кои ќе бидат придобивките од платформата како за наставниот кадар така и за учениците со дислексија.<br>Како резултат на остварените средби проектот доби поддршка и дозвола за вршење на презентации и онлајн обука во сите основни училишта од трите општини.<br>Како дел од оваа активности се одржаа и средби со раководствата на сите основни училишта од општина Аеродром и општина Карпош. На средбите детално беа презентирани придобивките кои ќе ги имаат наставниците од проектот E-learning за дислексија. Исто така во училиштата од овие две општини се одржаа презентации на самата платформа при што добивме списоци од сите училишта на заинтересираните наставници кои ќе го завршат | Ноември - 2019<br>Јануари 2020 | • Добиена согласност за спроведување на презентации и обуки во училиштата<br>• Одржани презентации на платформата и онлајн курсот |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| | онлајн курсот. | | |
| Спроведување на онлајн курс со наставниците и евалуација на завршени обуки | Наставниците добија период од 3 месеци за да ја завршат онлајн обуката за дислексија. Овој рок поради ситуацијата со вирусот Ковид е продолжен до 25-ти мај. Секој наставник доби свое корисничко име и лозинка со што после тоа можеше да ја започне истата обука. По завршувањето на секој модул наставниците решаваат тест за проверка на знаењата и тоа е главен предуслов за добивање на сертификат за успешно завршена обука за дислексија. | Февруари – Април 2020 | • Обучени 798 наставници од трите општини |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Поради пандемијата од вирусот Ковид 19 и според препораките на владата последната активност на проектот *"Организирање на завршна конференција"* мораше да биде откажана. Средствата за организирање на настанот беше побарано да бидат пренаменети за превод на курсот на Албански јазик за да може што поголем број на наставници истиот да го проследат. Барањето беше одобрено од страна на одговорното лице за проектот од Владата на Република Северна Македонија.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Презентации на платформата во 25 основни училишта | 750 | Н/А | |
| Презентирање на платформата на Метрополис радио | Н/А | Н/А | |
| Презентирање на платформата на Македонско радио | Н/А | Н/А | |
| Презентирање на проектот на утринската емисија на МТВ | / | / | ☑ 10.03.2020 |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Низ целиот проект од голема важност беше наставниот кадар да се обучи и едуцира за позитивните и негативните ефекти од дислексијата. Проектниот тим сакаше тоа да го овозможи на брз и едноставен начин преку онлајн обука на повеќето предметни и одделенски наставници од основните училишта на територија на трите општини со цел да можат да ја препознаат состојбата дислексија кај своите ученици и навремено да реагираат со техники и методи за да можат учениците да се изградат како емоционално здрави личности во иднина и покрај дислексијата. Бидејќи дислексијата и не е така позната за јавноста во нашата држава голем дел од младите луѓе не успеваат да ги реализираат своите потенцијали токму поради поседување на оваа состојба. За да се то тоа се надмине од голема потреба беше и реализацијата на ваков тип на дополнителна едукација на наставниот кадар. Сите наставници добија период од 3 месеци за да ја завршат онлајн обулата за дислексија, овој рок поради ситуацијата со вирусот Ковид беше продолжен. По завршувањето на онлајн обуката наставниците се стекнаа со сертификат за успешно завршена обука за дислексија.

Преку посетата на онлајн обуката за дислексија тимот на здружениeто целеше кон зајакнување на капацитетите на наставниот кадар за познавањето кон проблематиката дислексија, со тоа што ќе се зголеми нивото на знаење кај повеќето наставници да можат во иднина успешно да ги детектираат учениците со дислексија кои што имаат потешкотии во учењето и да се работи на раната интервенција и преземање на правилен пристап кон нивната потешкотија.

Со завршувањето на проектот вкупно 798 наставници се стекнаа со вештини за препознавање, работа и психолошка поддршка на учениците со дислексија, што претставува 198 наставници повеќе од предвидената бројка.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| I. Вработени (вкупно) | | | |
| Хонорар за проектен координатор (бруто износ) | 96.000 | 96.000 | |
| Хонорар за проектен асистент (бруто износ) | 78.000 | 78.000 | |
| II. Патни трошоци (вкупно) | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Транспорт | 12.500 | 14.000 | Во оваа ставка потрошени се 1.500 денари повеќе, но истите се покриени од остатоците во другите ставки |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| III. Опрема (вкупно) | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| IV. Канцелариски материјали (вкупно) | | | |
| Канцелариски материјали | 6.000 | 7.261 | Во оваа ставка потрошени се 1.261 денар повеќе, но истите се покриени од остатоците во другите ставки |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| V. Други директни трошоци (вкупно) | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | 15.000 | 13.783 | Остатокот од 1.217 денари е искористен за покривање на останатите ставки каде што има потрошено повеќе средства од предвиденото |
| Банкарски провизии | 3.600 | 6.262 | Во оваа ставка потрошени се 2.662 денари повеќе, но истите се покриени од остатоците во |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| VI. Индиректни трошоци (вкупно) | | | другите ставки |
| Сметководствени услуги | 21.000 | 21.000 | |
| VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно) - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Договори за експертски услуги за дислексија | 96.000 | 96.000 | |
| Изработка на веб платформа | 153.900 | 152.000 | Остатокот од 1.900 денари е искористен за покривање на останатите ставки каде што има потрошено повеќе средства од предвиденото |
| Акредитација на обука од МОН | 10.000 | 0 | Оваа ставка останува целосно не искористена и средствата се вратени на истата сметка од каде што беа префрлени од страна на Владата на Р.С.Македонија |
| Печатење на информативно промотивни материјали | 15.000 | 15.000 | |
| Изнајмување на простор за завршен настан | 15.000 | 0 | Оваа буџетска ставка е пренаменета за превод на креираниот курс |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | на Албански јазик Пренамената е одобрена од страна на донаторот |
| Кетеринг за завршен настан | 20.000 | 0 | Оваа буџетска ставка е пренаменета за превод на креираниот курс на Албански јазик Пренамената е одобрена од страна на донаторот |
| Печатење на сертификати за учесници | 6.000 | 6.000 | |
| Материјали за учесници на настани | 32.000 | 31.500 | Остатокот од 500 денари е искористен за покривање на останатите ставки каде што има потрошено повеќе средства од предвиденото |
| Графички дизајн | 20.000 | 20.000 | |
| Превод – Албански јазик | 35.000 | 33.000 | *Остатокот од 2.000 денари е искористен за покривање на останатите ставки каде што има потрошено повеќе средства од предвиденото* |
| Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII) | 600.000 | 589.806 | 10.194 денари, кои се вратени на сметката на донаторот |

## 8. Документација

(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 11 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 29. 06. 2020 год.

(Место) (датум)

Дамјан Николовски Претседател

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk